Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 373/6
Датум: 05.07.2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 373/1 од 15.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Штип, со живеалиште на [redacted] против Министерството за внатрешни работи, за сторена дискриминација врз основа образование во обласга на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование во областа на работа и работни односи од страна на Министерството за внатрешни работи кон [redacted]

## Образложение

На 15.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Министерството за внатрешни работи за заштита од дискриминација врз основа на образование во областа на работа и работни односи.

Од причина што во првичноподнесената претставка недостасуваше образложение, Комисијата согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 19.04.2024 година до подносителката испрати Барање за доуредување на претставката. Со истото ја задолжи подносителката да ја доуреди претставката во насока што ќе го конкретизира поводот поднесување на истата (фактичка состојба), односно ќе ги наведе дејствијата на посочениот дискриминатор со кои според неа е извршена дискриминацијата.

На 09.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за доуредување на претставката од страна на подносителката, заведен под бр. 373/3. Имено, подносителката како вработена во Министерството за внатрешни работи, наведува дека причина за поднесување на претставката е континуирано унапредување на кадар во Министерството за внатрешни работи со несоодветно образование, за работни позиции кои се предвидени во систематизацијата на министерството. Појаснува дека на повеќето огласи на кои се пријавуваат вработените се бираат токму кандидати со несоодветно обраование, и покрај тоа што видот на образование се предвидува како услов во огласите.

Подносителката како пример го наведува интерниот оглас по телеграма бр. 22.6-505 од 19.12.2023 година за пополнување места во Одделение за заеднички работи, Сектор за внатрешни работи Штип. Во конкретниот оглас под точка 10 и 11 бил предвиден услов за конкретните работни места - завршено високо образование од областа безбедност, правни науки или економски науки. Подносителката тврди дека иако го исполнува овој услов, има дипломирано на факултет од областа на безбедност, не била избрана за работните места. На огласот бил избран кандидат кој не го исполнува овој услов, односно дипломирал на Педагошкиот факултет. Подносителката тврди дека на тој начин е сторена дискириминација од страна на Министерсвото за внатрешни работи, во процесот на унапредување и дека Министерството континуирано врши дискриминација во пороцесот на унапредување со тоа што се унапредуваат лица со несоодветно образование.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.05.2024 година испрати Барање за произнесување по претставката со бр. 08-373/4 до Министерството за внатрешни работи.

На 13.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на Министерството за внатрешни работи. Во одговорот од Министерстовото за внатрешни работи наведуваат дека со спорниот оглас за пополнување работни места, по телеграма бр. 22.6-505 од 19.12.2023 година за пополнување места во Одделение за заеднички работи, Сектор за внатрешни работи Штип биле предвидени: работното место „главен инспектор" во Отсек за прикриени човечки извори за информации – Штип, Единица за прикриени човечки извори на информации, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал и работното место „самостоен инспектор" во Отсек за прикриени човечки извори на информации – Штип, Единица за прикриени човечки извори на информации, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Подносителката на претставката аплицирала за двете работни позиции. Меѓутоа, од Министерсвото наведуваат дека работните места за кои таа аплицирала се специфични работни места, кои изискуваат познавање и искуство од полициско работње, кое како што наведуваат [redacted] го нема. Имено, подносителката немала поминато обука за полициски службеник, ниту имала претходно искуство во извршување на работните задачи во делокругот на работа на работните места на кои аплицирала. Во поднесокот се појаснува дека подносителката би била компетентна за работните позиции, доколку се оспособи за самостојно вршење на работите од конкретните работни места во траење од 9 месеци.

Воедно, од Министерството наведуваат дека [redacted] неодамна била унапредена, преку интерен оглас, со Решение бр 23.6-8627/1 од 26.01.2024 година, од работното место „виш советник за финансиски работи" на работно место „самостоен советник за финансиски работи" во Одделение за заеднички работи, Сектор за

внатрешни работи Штип. Во поднесокот се потенцира дека подносителката на претставката не била ибрана по интерниот оглас кој се наведува, од причина што веќе била унапредена на работно место на кое во континуитет успешно ги извршувала работните задачи. Поради тоа работодавачот на подносителката тврди дека таа не била дискриминирана по ниту еден основ при донесувањето на одлуката за избор по интерниот оглас.

Ценејќи ги наводите од претставката, поднесокот за доуредување на претставката и наводите од поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителката [redacted] не сторила веројатно дека работодавниот орган – Министерството за внатрешни работи сторил дискриминација кон неа врз основа на образование, при изборот по интерен оглас, во областа на работата и работните односи.

За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката на претпоставениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, тој мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека **токму дискриминаторската основа е таа околност што довела до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, за разлика од другите. Воедно, подносителот потребно е да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или штета**, во конкретниот случај, според тврдењата на подносителката – неизборот за работните места по интерниот оглас. Од фактите на конкретниот случај не може да се заклучи дека токму образованието на подносителката е околноста поради која таа не била избрана за работните места за кои аплицирала, за разлика од оние кои биле избрани. Имено, за работните позиции освен образованието, предвиден бил и услов - искуство од конкретниот делокруг на работа, кое подносителката го немала. Оттука, јасно произлегува дека подносителката не ги исполнувала условите за конкретните работни позиции за кои аплицирала, за воопшто да може да биде оштетена, односно да ѝ биде нанесена повреда. Во услови каде што подносителката не ги исполнува условите за конкретна работна позиција, не може да стане збор за повреда на одредено право или нанесена штета, следствено на тоа ниту за дискриминација, како повреда на одредено право врз основа на заштитна карактеристика. Од друга страна, работодавачот неодамна ја унапредил подносителката соодветно на нејзините квалификации и образование, што упатува на фактот дека дискриминација врз конкретната дискриминаторска основа не можела да биде извршена.

При така констатирана состојба, **во недостаток на повреда на право врз дискриминаторска основа не може да стане збор за дискриминација**. Оттука

произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на образование од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија врз [redacted], во областа на работата и работните односи.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи, со седиште на ул. „Димче Мирчев“ бр. 9, 1000 Скопје